Бр./Nr 12-180/1
12-01-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2786/1 од 16.10.2025 година, оформен по пријава од непознат подносител против лицето ----, кандидат за Градоначалник на Општина ----**, СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување поради тоа што со пријавените наводи не се прекршени член 8-а од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2786/1 од 16.10.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 16.10.2025 година, поднесена е пријава против лицето ----, кандидат за Градоначалник на Општина ---- и оформен е предмет бр. 12-2786/1 од 16.10.2025 година.

Подносителот на пријавата имал сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2025 година, доставил прилог фотографии од каде според него можело да се забележи дека се преземани дејствија, од страна на независниот кандидат за градоначалник на Општина ----, ----, дека извршува работи односно асфалтира улици на повеќе локации во Општина ----.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имено, на ден 14.10.2025 година во село ----, Општина ----независниот кандидат за градоначалник лично организирал и финансирал асфалтирање на локален пат во с. ----, ----означен под КП.бр ----/1 за КО ----, а било извршено и асфалтирање и на улиците во градот ----, ул. ---- означена под КП.бр ----/2 за КО ----, како и ул. ---- означена под КП.бр ---- за КО ----.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Општина ----.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните податоци и информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Општина ---- спровела постапка за јавна набавка – Реконструкција на улици и патишта во Општина ----, по што склучила договор со изведувачот ДООЕЛ “----”, с. ----, ----, со бр. 15-----од 03.06.2025 година.
Согласно содржината на горенаведениот договор биле изведени работи на улиците во населените места во Општина ----, како и во с. ----, меѓу кои биле и улиците наведени во поднесената пријава, согласно Годишната програма за работа.

ДКСК констатира дека во конкретниот случај, наводите во пријавата се потврдуваат, спорните работи од пријавата биле извршени од страна на изведувач кој имал склучен договор со општината за реконструкција на улици и патишта, а не од страна на горенаведениот кандидат за грдоначалник.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на горенаведените одредби од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З,.Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. Член на ДКСК